**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**==============================**
**Број 08 - 661/4**
**24/12/2021 година**
**Пласница**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21 и 150/21), член 31 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и “Службен весник на РСМ” бр.275/19, 14/20 и 215/21), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ ("Службен весник на РМ" бр. 51/20 и 172/21) и член 17 став 1 точка 3 и член 30 став 1 точка 8 од Статутот на општина Пласница (“Службен гласник на општина Пласница”број 2/06), Советот на општина Пласница на седницата оддржана на 24/12/2021 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за извршување на буџетот на општина Пласница за 2022 година

### Член 1

Буџетот на Општина Пласница за 2022 година (во понатамошниот текст - буџетот), се извршува според одредбите на оваа одлука.

### Член 2

Буџетот на општината се состои од : основен буџет, буџет на самофинансирачки активности и буџет на дотации.

### Член 3

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно.

### Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски или да направат расходи над лимитот на одобрените средства со буџетот.

За да се преземат нови обврски до советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи соодветно намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи на буџетот на општината.

Градоначалникот на општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од планот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходи и други приливи значително отстапува од планот, предлага на советот на општината изменување и дополнување.

Советот на општината на предлог на градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределбата во текот на годината .Одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на буџетот не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации, буџетот на дотации или буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.Годишните финансиски планови по квартали буџетските корисници ги доставуваат до Трезорот, за користење на одобрените средства од буџетот.

**Член 9**

Општинските буџетски корисници во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесува до градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови.

Градоначалникот доставува до Министерството за финансии и до советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршување на кварталот.

**Член 10**

Висината на потребните средства за исплата на плати и надоместоци за општинската администрација се утврдува согласно Законот за административни службеници (“Службен весник на РМ” бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и “Службен весник на РСМ” бр.275/19, 14/20 и 215/21), Законот за исплата на платите во РМ (“Службен весник на РМ” бр.48/13 – пречистен текст, 170/13, 139/14, 147/15 и “Службен весник на РСМ” бр.202/19), Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ (“Службен весник на СРМ” бр.36/90 и “Службен весник на РМ” бр.38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18 и 233/18) и Законот за минимална плата во Република македонија (“Службен весник на РМ” бр.11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17, 140/18 и “Службен весник на РСМ” бр. 124/19 и 239/19).

Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници не може да биде повисока од вредноста на бодот утврдена со одлуката на Владата на РСМ за соодветната фискална година, согласно член 88 став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и “Службен весник на РСМ” бр.275/19, 14/20 и 215/21).

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за :

- избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно законски утврдениот коефициент за утврдување на плата на градоначалник кој изнесува
  а) за градоначалник на општина до 10.000 жители коефициент 2.70 применет на основицата за пресметување на плата во износ од 26.755,00 денари;
- вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за пресметување на платите (бруто) се утврдува со Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2022 година која ја донесува советот, на предлог на градоначалникот, во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година, согласно член 88 став 2 од Законот за административни службеници

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и “Службен весник на РСМ” бр.275/19, 14/20 и 215/21 ).

- вработените кои немаат статус на државни службеници платата ќе се исплатува согласно Законот за минимална плата во Република македонија (“Службен весник на СРМ” бр.11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17, 140/18, 124/19 и 239/19 ) и Законот за работни односи.

На вработените во општинската администрација им се исплатува надоместок за регрес за годишен одмор во висина од 60% од просечната исплатена месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

**Член 11**

Месечниот надоместок за присуство на седници на члeновите на советот се утврдува во процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година во висина од 40%.

На претседателот на советот на општината за раководење и организирање на работата на советот надоместокот од став 1 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 12**

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

Во случај на смрт на вработениот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од 30.000 денари.

На вработениот во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување) му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари.

Надоместоците од ставовите 2 и 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

Сите исплати на наведените надоместоци се вршат врз основа на оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во буџетот на општината во програма ДО – Градоначалник расходно конто 464990 – Разни трансфери.

**Член 13**

Надоместокот за отпремнина за пензионирање на вработениот во општината се исплаќа врз основа на член 9 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за исплата на платите и изнесува двократен износ од просечната исплатена месечна нето плата по работник во Републиката за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија.

Средствата за оваа намена се планираат во буџетот на општината во програма Е0 – Општинска администрација на ставка 464 – Разни трансфери, потставка 464940 – Трансфери при пензионирање.

**Член 14**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност до **6.000,00 денари,** при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 15**

Во буџетот на општината за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи можат да се планираат средства како постојана и тековна резерва.

Постојаната и тековната резерва не можат да надминат 3% од вкупните расходи на основниот буџет на општината.

За користење на средствата на резервите од ставот (1 ) на овој член одлучува советот на општината.

По исклучок од ставот (3) на овој член ,за користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува градоначалникот.

Градоначалникот на општината му поднесува на советот на општината годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 16**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

**Член 17**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината.Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии, врз основа на барање на градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација.

**Член 18**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 19**

Средствата утврдени во пооделните Програми донесени од советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветното јавно претријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 20**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се уплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе уплатениот, односно наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на буџетот.

Повратот, односно пренасочувањето на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 21**

Буџетските корисници водат евиденција и вршат пријавување на преземени повеќегодишни обврски (ПО1 образец) и преземени обврски за тековната година (О1 образец).

Пријавувањето на преземени обврски се врши во рок од 15 работни дена, од денот на нивното настанување.Ден на настанување на обврската е датумот кога договорот е потпишан од сите договорни страни.

Буџетските корисници ги пријавуваат преземените обврски за тековната година, за склучен договор, законска обврска и други документи кои можат да предизвикаат обврска за плаќање во некој иден период во тековната година за износ еднаков или поголем од 370.000,00 денари и тоа за видови на расходи кои се наведени во точка 118 од Упатството на начинот на трезорско работење (Службен весник на РМ број 183/2013).

**Член 22**

Буџетот на општина Пласница се извршува од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 23**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Пласница", а ќе се применува од 01.01.2022 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**АМЕЛ РАМЕСКИ**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

кон Одлуката за извршување на
буџетот на општина Пласница за 2022 година

Со Одлуката за извршување на буџетот на општина Пласница за 2022 година, се прецизира начинот на извршување на средствата утврдени во Буџетот на општина Пласница, начинот на пренамена во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници.

Со ова одлука за извршување на буџетот се даваат јасни насоки и правила на постапување на сите засегнати страни/буџетски корисници на средства од буџетот на општината со упатување на доследно почитување на буџетските начела и користење на средствата на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

Исто така со наведената одлука е регулирана висината на поодделните надоместоци на вработените во општинската администрација и администрацијата вработена во правните субјекти корисници на средства од буџетот на општината.

Утврден е и начинот на постапување на користење на средствата од резервите и доделување на одредени помошти по основ на боледување подолго од шест месеци, во случај на смрт на вработен или член на неговото потесно семејство итн.

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината, а буџетот на општината се извршува од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.